Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 356//0306
10.10 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седница одржана на 25.09.2025 година, врз основа на примена жалба од **Бошко Нелковски**, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов „**ОЛАФ може да сними филмови за злоупотребите на европските фондови во Македонија“**, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Независен на 21.08.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 05.08.2025 г., упати жалба за текстот со наслов „*ОЛАФ може да сними филмови за злоупотребите на европските фондови во Македонија*“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Независен (nezavisen.mk) на 21.08.2025 г., при што се жали на „неточно и нефер известување, незастапена втора страна, мешање на факти и мислења, вест и коментар, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето и нарушување на приватноста“.

Во жалбата упатена преку овластен адвокат, меѓу другото, се наведува дека до медиумот биле испратен и демант, кој до испраќање на жалбата не бил објавен, како и барање за јавно извинување и повлекување на текстот.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот, потпишан од авторката на текстот Слободанка Јовановска, во кој, меѓу другото, се наведува:

„Генерално, текстот се заснова на извештајот на ОЛАФ по истрагата за злоупотреба на средства во Националната агенција за образовни програми заради која..., Бошко Нелкоски и целиот Управен одбор во тоа време беа сменети од владата, а Македонија мораше да врати 2,2, милиони евра на ЕУ. Овие факти се неспорни, бидејќи ги потврдија и од Националната агенција и од Владата, иако од почетокот па досега Нелкоски тврди дека се неточни, како што тврди и сега.

Поентата е дека фактите изнесени во текстот воопшто не се мои, туку буквално пренесени од извештајот на ОЛАФ, кој е обемен и детален и ја преставува целата организирана мрежа за извлекување пари од Агенцијата. Имало пресуда или не, ОЛАФ „пресуди“ дека парите се злоупотребени и треба да се вратат, а мојот текст само пренесува што констатирала нивната неколкугодишна истрага. Поедноставно кажано, ова е анализа на извештајот на ОЛАФ и се што стои во неа е нивна констатација.

Околу поплаката дека не била прашана „втората страна“, ќе посочам дека јас пишував текст за тоа) што содржи извештајот од истрагата на ОЛАФ, а не ја истражував сама темата... Околу поплаката дека сум мешала факти и мислења, односно вест и коментар - не знам во кој учебник за новинарство стои дека новинарите се дактилографи и треба да прават копи

пејст од извештаите без да им дадат контекст... Околу поплаката дека му е нарушена приватноста на Нелкоски само ќе кажам дека ми е жал, но кога се нафатил на јавна функција и да работи за државни пари, треба да знае дека тоа што го прави е - јавна работа. Тоа важи дури и за нас новинарите...“.

Медиумот наведува дека добиле барање за демант но не го објавиле веднаш, односно тоа ќе го сторат деновиве, бидејќи се обиделе да го контактираат Нелкоски ама не можеле да го добијат за да се договорат за прифатлив формат на демантот. Комисијата утврди дека по жалбата е објавен демантот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов наслов „*ОЛАФ може да сними филмови за злоупотребите на европските фондови во Македонија*“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Независен (nezavisen.mk) на 21.08.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се прекршени членовите 1, 8 и 13 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст од јавен интерес во кој се информира за можна корупција со европски пари во земјава, преку работењето на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.

Комисијата, исто така, имаше можност да се увери дека голем дел од фактите изнесени во текстот се базираат на наоди од телото на ЕУ задолжено за тоа, конкретно ОЛАФ, односно тие факти се неспорни и не се доведуваат во прашање.

Сепак, Комисијата оцени дека аргументот даден во одговорот на медиумот дека ОЛАФ веќе им дал можност на засегнатите страни да одговорат, не ја ослободува редакцијата од обврската да направи обид да ги контактира и да им понуди да го изнесат својот став во новинарскиот текст. Тоа што медиумот нагласува дека само „пренесува“ што е содржано во извештајот на ова тело не е доволно. Впрочем, ОЛАФ не случајно на сите засегнати им доставил копија од извештајот. Па така, етички гледано, медиумот бил должен да побара „втора страна“, а ако не можел да го добие главниот лик за којшто пишува, Нелкоски, тоа требало да го нагласи во текстот. Но, исто така, можел да побара и некој од десетиците други лица кои се наведени во извештајот и да побара нивен став, коментар, мислење.

Начинот на кој се пренесени фактите е, исто така, проблематичен од етички аспект. Сензационализам, морализирачки тон и лични детали („швалерка“, „фотографии од Дубаи“, „да вложеле олкава енергија во проекти за државата за овие десет години и повеќе може ќе сме станеле Швајцарија“) не се дел од извештајот на ОЛАФ, туку редакциска одлука. Професионалното известување, етички гледано, не подразбира текстот да се „збогатува“ со дискредитирачки елементи. Во тој момент текстот престанува да биде професионален и може да се разбере од јавноста како пресметка со конкретна личност.

Натаму, во текстот се нагласува и дека станува збор за некој што „веќе бил фатен во злоупотреби“ во 2010 година - што е исто така контроверзно бидејќи жалителот го демантира тој податок, односно тврди дека не бил ниту осуден, ниту санкциониран. Со оглед на фактот што за овие настани се уште се води постапка во јавно обвинителство, Комисијата смета дека е прекршен и член 8 кој го обврзува медиумот на почитувањето на презумпцијата на невиност.

На крајот, Комисијата се согласува со медиумот дека станува збор за јавна личност и јавна работа, но сепак, иако контекстот е легитимен, мешање сарказам и субјективни квалификации во наративот претставува прекршување на обврската фактите и мислењата да се јасно разграничени, што е регулирано со член 13 од Кодексот на новинарите.

Од тука, Комисијата сметаше дека има прекршување на Кодексот на новинари на Македонија во членовите 1, 8 и 13:

**Член 1**

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

**Член 8**

Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми. Во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на Член 8 невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда.

**Член 13**

Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Тамара Чаусидис, Жана Божиновска и Сефер Тахири.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595